Врз основа на член 44 став 9 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/04, 71/4 и 107/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛАТА ЗА СОБИРАЊЕ И ЗА ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГ ВИД НА НЕОПАСЕН ОТПАД

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето, формата и содржината на дозволата за собирање и за транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад („Службен весник на РМ” бр. 8/06) во член 3 став (1) алинеја 12 се брише.

Член 2

(1) Во член 5 став (1) по зборовите: “специјализирани моторни возила” се додаваат заборовите: “наменети за транспорт на отпадот, затворени возила, контејнери или друг вид соодветни возила со кои се спречува растурање, испаѓање на отпадот за време на собирањето, транспортот, утоварот и/или истоварот”.

(2) Во став (2) зборовите:” две специјализирани возила” се заменуваат со зборовите:”едно специјализирано возило”.

Член 3

Во член 6 ставот (1) се брише.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-6172/1
29 октомври 2007 година
Скопје

Министер,
**Џелил Бајрами,** с.р.